Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 92 / 03.06
26.02 2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од министерот за внатрешни работи, Наќе Чулев, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „А1он“, со текстот насловен „Апсења во МВР на полицајци од тимот на Чулев“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 2.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 7 февруари 2020 година, министерот за внатрешни работи во техничката Влада, Наќе Чулев, поднесе жалба за текстот со наслов „Апсења во МВР на полицајци од тимот на Чулев", објавен на 6 февруари 2020 година, на интернет – порталот „А1он" (www.a1on.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и незастапена втора страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „А1он" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Одговорниот уредник на медиумот, Предраг Петровиќ, одговори на наводите на жалбата.

Петровиќ ја отфрла жалбата како неоснована и, како што вели, ги побива изнесените тврдења во претставката. Тој наведува дека „А1он" останува на изнесените тврдења во текстот дека во акцијата за апсење биле опфатени и полицајци од тимот на Чулев, како што потврдувале извори од истрагата, посочувајќи дека акцијата не била завршена и ќе продолжела во наредниот период. Петровиќ смета дека министерот можел, но и не морал да знае каква истрага водело Обвинителството, кои луѓе биле опфатени во истрагата и какви докази биле на располагање за да тврди дека нешто било пристрасно или не.

*„Во однос на тоа дека била незастапена втора страна, исто не се согласуваме со оглед дека министерот Чулев со неговиот став во однос на текстот стоеше на подобра пози ција на почетната страна на А1он подолго време, отколку првичниот текст. И тоа под услов што министерот Наќе Чулев не е втора страна, туку луѓето односно екипата кои се дел од неговиот тим, за кои имавме сознанија дека се под истрага"*, наведува уредникот на „А1он".

Од „А1он", меѓу другото, посочуваат дека како медиум поседувале и конкретни информации за целата истрага, но од разбирливи причини чекале да заврши целата операција.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 2.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема*

*да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 2:** „Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација, тој има право за тоа да ја информира јавноста.“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој пренесува информација за апсење на полициски службеници од Кабинетот на министерот за внатрешни работи, Наќе Чулев. Текстот е од широк јавен интерес, зашто јавните функционери, во случајов, техничкиот министер за внатрешни работи, Чулев е легитимна новинарска цел и подлежи на силен јавен надзор.

Сепак, Комисијата заклучи дека начинот на кој што е обработен текстот не нуди целосно објективна и проверена информација. Ова од причина што интернет - порталот, кој информацијата ја заснова на извори од истрагата, не го испочитувал основното новинарско правило да побара став од сите засегнати во текстот. Спротивно на мислењето на медиумот изразен во одговорот на жалбата, Комисијата заседе став дека „А1он“ имал обврска да побара одговор од Министерството за внатрешни работи или од самиот министер, со оглед на тоа што тој се споменува во насловот на текстот. Се работи за случај на наводни апсења, кој медиумот директно го врзува за високопозиционирани личности во Министерството и затоа новинарот морал да ја провери информацијата колку што може повеќе и да ја намали опасноста од манипулции и дезинформирање на јавноста. Во отсуство на „втора страна“ потребата од брзина не смее да ја загрози точноста на информацијата и затоа, во такви случаи, новинарот мора да изрази резерва, воздржаност или сомнеж кон својот извор, наместо веста да ја пласира како извесен епилог.

Оттука, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во следните реченици:

***„Во тек се апсења на високи полициски службеници во Министерството за внатрешни работи од екипата на Наќе Чулев поради оддавање на службени тајни, документи, снимки од ПИ мерки и нивно објавување по портали, дознаваме од извори во истрагата.“***

***„Се очекува истрагата да се прошири и да бидат приведени и новопоставени функционери од министерот Наќе Чулев.“***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата се согласи дека во оспорениот текст е прекршен и **членот 2** од Кодексот на новинарите, кој налага дека ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација тој има право за тоа да ја информира јавноста. И тогаш кога власта не е должна да одговори, новинарот може и треба да ја информира јавноста дека не добил одговор на прашања за кои проценува дека се од јавен интерес и кога за тоа може да изложи релевантни аргументи.

Комисијата во продолжение го зеде предвид и фактот дека „А1он“ го објавил демантот од министерот Чулев, со што авторот го заштитил сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој што работи.

Во исто време, Комисијата потсетува дека во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, носителите на јавните функции и јавните институции прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

***Пресудата на ЕСЧП Thoma Vs. Luxemburg 2001, 5, каде што се вели:**

„Медиумите имаат суштинска улога во демократското општество. Иако не смеат да пречекорат одредени граници, особено во однос на угледот и правата на другите, сепак, должност на медиумите е да пренесуваат на начин што е доследен на нивните обврски и одговорности – информации и идеи за сите прашања од јавен интерес. Не само што медиумите имаат задача да пренесуваат такви информации и идеи, туку јавноста има право да ги прима. Кога би било поинаку, медиумите не би биле во можност да ја играат својата важна улога на „чувар на јавноста“.

*** Член 4 од Декларацијата за слобода на политичката расправа во медиумите** (Комитет на министрите на 872 состанок од 12.12.2014) каде се вели:

„Функционерите мора да го прифатат фактот дека се, особено преку медиумите, подложни на јавен надзор и критика за начинот на кој ги обавувале или ги обавуваат своите функциии, ако тоа е потребно за обезбедување транспарентност и одговорно вршење на нивните функции.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „А1он“ (www.a1on.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595